РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АКАДЕМИЈА ЗА СУДИИ
И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ

Бр. ________________

______________ 2012 год.

С К О П Ј Е

Врз основа на член 12, став 1 од Законот за Академија за судии и јавни обвинители („Службен весник на Република Македонија” бр.88/10) и чл. 2 став 1 од Законот за безбедност и здравје при работа („Службен весник на Република Македонија” бр.92/07 и 136/11), Управниот одбор на Академијата, на седница одржана на 25.09.2012 година, донесе

# ПРАВИЛНИК
# ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА

## I.ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој Правилник Академијата за судии и јавни обвинители (во понатамошниот текст Академијата) ги уредува односите, обврските на работодавачот како и правата и обврските на вработените од областа на безбедноста и здравјето при работа.

Безбедноста и здравјето при работа е составен дел на организирањето на работниот процес во Академијата, во која учество зема секој вработен во делокругот на своите редовни работни задачи.

### Член 2

Безбедност и здравје при работа во смисла на овој Правилник опфаќа: мерки, средства и методи за создавање на безбедни услови за работа, а со примена на организациони, правни, социјални, здравствени и други мерки со кои вработените за време на работа го обезбедуваат својот физички интегритет, здравјето и сигурноста при работа.

**Член 3**

Одредбите од овој Правилник се применуваат за сите вработени во Академијата, волонтери и останатите правни и физички лица ангажирани за вршење на работи по договор како и сите целни групи кои по Законот за Академија за судии и јавни обвинители учествуваат во обуките кои ги организира Академијата.

Договорот од став 1 на овој член, во име на Академијата за судии и јавни обвинители, го потпишува директорот на Академијата.

## II. ОРГАНИ НАДЛЕЖНИ ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ, СПРОВЕДУВАЊЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА БЕЗБЕДНОСТА И ЗДРАВЈЕТО ПРИ РАБОТА

### 1. Директор

**Член 4**

Директорот се грижи за спроведување и унапредување на безбедноста и здравјето при работа и за таа цел има обврска да:

- презема мерки потребни за безбедност и здравје при работа на вработените, обезбедување информации, обука и обезбедување соодветна организација и потребни средства;
- донесе и спроведе изјава за безбедност за секое работно место, прецизирајќи го начинот, како и мерките кои треба да се преземат;
- да обезбеди здравствени прегледи за вработените најмалку на секои 24 месеци;
- донесува безбедносни мерки против пожар во согласност со посебни прописи;
- е должен веднаш, а најдоцна во рок од 48 часа по настанот, писмено да го извести органот на државната управа надлежен за работите на инспекцијата на трудот за: секој смртен случај, колективна несреќа и повредите при работа кои предизвикуваат времена неспособност за работа повеќе од 3 работни дена и секоја појава која претставува непосредна опасност и ја загрозува безбедноста на вработените при работа; и
- се грижи за спроведување на мерките наложени од надлежниот инспекторат за труд.

**Член 5**

За извршување на стручните задачи во врска со безбедноста и здравјето при работа, директорот на Академијата ангажира надлежни надворешни овластени правни или физички лица, со оглед дека Академијата нема соодветни стручни вработени и техничка опременост, таквите работи и обврски кои ги налага Законот за безбедност и здравје при работа, самостојно да ги извршува.

**Член 6**

Ангажираното надворешно овластено правно или физичко ги врши следните работни задачи за работодавецот:

- изготвува изјава за безбедност за секое работно место, прецизирајќи го начинот, како и мерките кои треба да се преземат;
- советување на работодавецот за планирање, избор и одржување на средствата за работа;
- го посетува местото на изведување на работите, врши контрола над примената на пропишаните мерки за безбедност и здравје при работа, укажува на одредени забележани недостатоци и предлага мерки за нивно отстранување и
- врши обука на вработените и проверка на стекнатите знаења согласно Законот за безбедност и здравје при работа и актот на работодавецот.

## 2. Претставник на работниците за безбедност и здравје при работа

**Член 7**

Заради спроведување на мерките за безбедност и здравје при работа, обврските на работодавачот и правата и обврските на вработените во областа на безбедноста и здравјето при работа, се избира претставник на вработените за безбедност и здравје при работа во Академијата.

Претставникот на вработените за безбедност и здравје при работа, го избираат вработените од своите редови на собир на вработени.

### Член 8

Претставникот на вработените за безбедност и здравје при работа својата функција ја врши согласно правата кои произлегуваат од членот 30 од Законот за здравје и безбедност при работа.

## III. ПРАВА И ОБВРСКИ НА ВРАБОТЕНИТЕ

### Член 9

Вработените во Академијата имаат право да учествуваат во утврдувањето и подобрувањето на условите за работа во работната средина заради заштита на здравјето и безбедноста во процесот на работата.

### Член 10

Вработените и сите други лица од чл. 3 од овој Правилник, за време на вршење на работата и нивниот ангажман во Академијата, се должни да се придржуваат кон мерките за безбедност и здравје при работа предвидени со Законот за безбедност и здравје при работа, Правилникот за мерки за заштита при работа со екрани (Сл.весник на РМ бр.115/05) и овој Правилник.

### Член 11

Ако вработените или другите лица од чл. 3 од овој Правилник во текот на работата или нивниот ангажман, забележат некои недостатоци, грешки или други појави и околности кои би можеле да ја загрозат безбедноста и здравјето при работа, должни се овие појави да ги пријават на претставникот на вработените за безбедност и здравје при работа, кој овие информации ќе му ги пренесе на работодавецот.

## IV. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 12

Одредбите на овој Правилник се применуваат и се толкуваат во склад на Законот за работни односи, Законот за безбедност и здравје при работа и други прописи од областа на безбедноста и здравје при работа.
За толкувањето на одредбите на овој правилник надлежен е работодавецот.

**Член 13**

Измени и дополнувања на овој правилник се вршат на начин и во постапка предвидена за донесување на правилникот.

Академија за судии и јавни обвинители
Претседател на Управен одбор,

Љубомир Јовески